**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Бр.______________**

**________2010 год.**

**С К О П Ј Е**

Согласно член 9 став 6 од Законот за судски буџет (Службен весник на РМ 60/2003 од 22.09.2003 година, Судскиот буџетски совет на _____ седница одржана на _____ донесе

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ЗА 2009 ГОДИНА

## НАДЛЕЖНОСТИ НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ

Согласно Законот за судски буџет, Судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на судската власт што ги утврдува Собранието на РМ и е наменет за финансирање на судската власт. Судскиот буџет е дел од Буџетот на РМ издвоен како посебен дел означен со Судска власт.

За вршење на работите во врска со судскиот буџет се формира Судски буџетски совет. Членови на Судскиот буџетски совет се: претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, министерот за правда, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Управниот суд, претседателот на Апелациониот суд Скопје, Апелациониот суд Штип, Апелациониот суд Битола и Апелациониот суд Гостивар, двајца претседатели на основни судови по редослед утврден со Законот за судовите, од кои еден претседател од судовите со проширена надлежност, по системот на ротација, со мандат од две години и директорот за на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Во работата на Судскиот буџетски совет учествуваат и претставници од Министерството за финансии, но без право на одлучување.

Судскиот буџетски совет ги има следните надлежности;

- ги утврдува методологијата и критериумите за распределба на судскиот буџет;
- врши распределба на средствата од судскиот буџет и превзема мерки за навремено извршување на судскиот буџет;
- одобрува средства за нови вработувања во судовите во рамките на утврдениот судски буџет за маса на исплата на плати;
- го назначува внатрешниот ревизор;
- го донесува Деловникот за работа на Судскиот буџетски совет и другите внатрешни акти;
- го изготвува годишниот Извештај за извршување на судскиот буџет;
- врши пренамена на намената на средствата определени во делот Судска власт;
- врши други работи предвидени со закон.

## ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ ВО 2009 ГОДИНА

Судскиот буџетски совет во текот на 2009 година разгледуваше, постапуваше и одлучуваше по прашања од делокругот дефиниран со законските надлежности.

Приоритетните активности беа насочени кон

- унапредување на буџетскиот процес во судската власт,
- ефикасно менаџирање со сускиот буџет,
- обезбедување неопходи услови за имплементација на судските реформи,
- реализација на активностите од поглавјето бр. ___ од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија во делот на судската власт,
- соработка со меѓународни организации и
- зајакнување на капацитетите на Советот.

Состав на Судскиот буџетски совет во 2009 година

- Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија,
- Министерот за правда,
- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија,
- Претседателот на Управниот суд,
- Претседателот на Апелациониот суд Скопје,
- Претседателот на Апелациониот суд Штип,
- Претседателот на Апелациониот суд Битола,
- Претседателот на Апелациониот суд Гостивар,
- Претседателот на Основниот суд Велес,
- Претседателот на Основниот суд Дебар,
- Директорот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Согласно Законот за Судски буџет, по истекот на мандатот на претходните претседатели на основни судови во месец октомври 2009 година, по редоследот утврден во Законот за судови, нови членови на Советот станаа претседателот на Основниот суд Куманово и претседателот на Основниот суд Кичево.

Примена на Измената на Законот за судски буџет

Законот за судски буџет е основниот Закон со кој се регулира финасирањето на програмските задачи и функциите на судската власт. Од 01.01.2009 година во сила влегоа измените на Законот за судски буџет со кој се пренесе управувањето на финансиите на судската власт од Врховниот суд на РМ во Судскиот совет на РМ, а претседател на Судскиот буџетски совет е претседателот на Судскиот совет на РМ. Исто така и Стручната служба на СБС премина во состав на организационата структура на Судскиот совет на РМ.

Работа на Судскиот буџетски совет

Судскиот буџетски совет работи на седници кои по потреба ги свикува претседателот на СБС. Во текот на 2009 година Судскиот буџетски совет одржа 12 седници, на кои донесе 46 одлуки во врска со разни прашања од својата надлежност.

Со цел зајакнување на своите капацитети и поголема вклученост на членовите со прашања од пооделни области за кој е надлежен, согласно Деловникот, со одлука на СБС се формираа четири комисии како помошни работни тела на Судскиот буџетски совет и тоа:

-Комисија за финансиски менаџмент;

-Комисија за управување со човечки ресурси, стратешко планирање и стручна помош;

-Комисија за капитални инвестиции и

-Комисија за информатичка технологија и комуникации.

Стратешки план на судската власт

Како приоритетна активност за 2009 година Судскиот буџетски совет дефинираше унапредување на буџетскиот процесот, од аспект на обезбедување навремени и доволни информации на единките корисници на судската власт, координирање на активностите, посета на судовите, запазување на временската рамка за пооделни активности, анализа на предлог барањата наединките корисници и изготвување на објективен Предлог буџет на судската власт. ***Во 2009 година, Судскиот буџетски совет за прв пат изготви и усвои Стратешки пан на судската власт за периодот 2010-2012 година, во кој се дефинирани стратешките цели и активностите на судската власт за наведениот период.***

Исто така, големо внимание беше посветено на менаџирањето на судскиот буџет, односно следење на потребите и реализацијата на буџетите на пооделните судови, дефинирање на потребните пренамени на средства, реалоцирањето на средства о еден во друг суд, а се со цел максимална реализација на судскиот буџет. Од тој аспект СБС изврши распределба на средствата наменети за капитални инвестиции на крајот на 2009 година, а беа превземени и дополнителни мерки за навремена реализација на Инвестиционата програма.

Судскиот буџетски совет донесе критериуми за распределување на обезбедените слободни работни места по НПАА програмата, со цел зајакнување на кадровските капацитетите на судската власт утврди сооднос на стручниот и административниот кадар, донесе неколку правилници и сл, а судската власт преку Судскиот буџетски совет беше вклучена во НПАА програмата со неколку активности.

Од страна на Владата на Република Македонија во рамките на НПАА програмата за 2009 година, за Судската власт беа одобрени вкупно 115 вработувања на стручни и административни работници. Од поднесените 109 барања за обезбедување на финансиски средства за вработување согласно НПАА програмата за 2009 година од страна на Судскиот буџетски совет, од страна на Министерството за финансии се добиени согласности за 99 вработувања, а се уште нема одговор за 10 барани вработувања.

Реализација на законските надлежности согласно Законот за плати на судии

Во согласност со одредбите од Законот за плати на судии, по барања на судиите за остварување на своите права согласно Законот, Судскиот буџетски совет континуирано се произнесуваше по истите, при што за 2009 година немаше забелешки кон одлуките (решенијата) на СБС, согласно законските права.

Во однос на обезбедување на правата на судиите, посебен проблем претставува околноста што голем број на судии кои ја вршат судиската функција во место што е различно од нивното место на живеење, согласно Законот за судови имаат право на службени станови, а со кои не располага Судскиот буџетски совет. Овие барања Советот ги препраќа до Владата на Република Македонија, а во меѓувреме на судиите им се признава правото на надоместок за закупнина на стан (доколку склучат договор за закуп на стан) или правото на реални патни трошоци.

Примена на  Законот за судска служба

Од 01.01.2009 год. почна да се применува Законот за судска служба, со кој јасно се прави дистинкција на судската администрација од другите државни службеници и се признава статусот на  судските службеници во рамките на системот на судската администрација. Имплементацијата на законот, како и другите закони во судството не беше пропратена со соодветно обезбедени средства за фискалните импликации и тоа во поглед на патните трошоци за реализирање на состаноците на советот, објавувањето на конкурсите за слободни работни места по судовите и спроведување на постапки за вработување,  водење на Регистарот на судските службеници како единствена база на податоци и сл.

Согласно член 8 од Законот, заради остварување на правата на судската служба се формираше Совет на судската служба со седиште во Врховниот суд, а составен од 9 члена, претставници од редот на претседателите и секретарите на судовите. Судството превзеде дел од ингеренциите што дотогаш ги извршуваше Агенцијата за државни службеници, но во буџетот не беа обезбедени соодветни средства за реализирање на активностите.

Заради навремено имплементирање на измените на законските регулативи (Закон за судска служба и Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување) се извршија измени и усогласувања во модулите на софтверската апликација на Автоматизираниот буџетски менаџмент систем. Секторот за судски буџет вршеше следење и контрола на имплементацијата и фунционирањето на изменетите модули, исто така обезбеди континуирана поддршка на корисниците на софтверската апликација поврзана со работата на Секторот за судски буџет, со цел правилна изработка на платата во судството според новиот концепт за бруто плата и примената на Законот за судска служба.

Формирање на Регистар на судски службеници

Согласно Законот за судска служба, секторот за Судски буџет започна со водење на регистар на судски службеници како единствена база на податоци, со што ја презеде улогата на Агенцијата за државни службеници за издавање согласности за пополнување на работни места во смисла на соодветност на барањата за вработувања од судовите во однос на нивните акти за систематизација на работни места, како и издавање на согласности за објава на огласи за вработување.

Исплата на правични надоместоци по решенија на Врховниот суд на Република Македонија

Согласно Законот за судови Судскиот буџетски совет започна со исплата на досудените правични надоместоци за повреда на правото на судење во разумен рок, а по донесени решенија на Врховниот суд на Република Македонија. По овој основ во 2009 година вкупно се исплатени 619.670,00 денари од Судскиот буџет.

Соработка со Проектот за имплементација на судските реформи на УСАИД ДПК

Со Проектот за имплементација на судските реформи на УСАИД ДПК во текот на 2009 година се оствари значајна и интензивна соработка по неколку основи и тоа:

1. Спроведување на дел од препораките од Студијата за буџет и финансии на македонското судство подготвен од др Дебора Боч. Проектот обезбеди двајца консултанти, еден од нив ангажиран во спроведувањето на буџетскиот процес, а другиот при изготвувањето на Стратешкиот план 2010-2012 година, како и преку финансирање на работилниците кои беа организирани во текот на изготвувањето на буџетскиот циркулар и стратешкиот план.
2. Издавање и дистрибуција на Информаторот на Стручната служба на СБС
3. Техничка помош во подготовката и спроведувањето на Анкетата за мерење на задоволството на граѓаните од работата на основните судови. Во текот на 2009 година во соработка со УСАИД-ДПК континуирано продолжи да се спроведува Анкетата за мерење на задоволството на граѓаните од работата на судовите.
4. Обука на членовите на СБС од страна на странски консултант со цел зајакнување на нивните капацитети од аспект на надлежностите и функциите на Судскиот буџетски совет

Анкета за мерење на задоволството на граѓаните од работата на судовите

Во текот на 2009 година СБС продолжи со активностите околу спроведување на анкетата, но само од аспект на поддршка и сублимирање на крајните резултати и изготвување на збирниот извештај од анкетата за сите судови. Почнувајќи од третиот циклус на анкетата, судовите самостојно ја подготуваат и спроведуваат анкетата. Третиот круг беше спроведен во периодот март-април 2009 година, при што измереното ниво на задоволството на јавноста од работењето на судовите изнесуваше 82,18%. Следната анката се спроведе во периодот октомври-ноември 2009 година, при што нивото на задоволството на јавноста од работењето на судовите изнесуваше 83,61%.

| циклус на анкетирање | период на спроведување | ниво на задоволство |
|---|---|---|
| 1 | јануари-март 2008 | 69,73 % |
| 2 | септем.-ноем. 2008 | 78,00 % |
| 3 | март-април 2009 | 82,18 % |
| 4 | октом.-ноем. 2009 | 83,61% |

***Табела: Ниво на задоволство по циклуси на анкетирање***

Заради подобрување на процесот на анкетирање, во текот на февруари 2009 година, Секторот за Судски буџет во соработка со Академијата за обука на судии и јавни

обвинители и со ЈРИП, одржа повеќе обуки за судиите и и за судската администрација. Академијата и ЈРИП ја спроведоа обуката за услуги на корисниците, фокусирана на однесувањето и етичноста при работата со странките во судовите. Секторот за Судски буџет пак одржа обука за спроведување на анкетата во шест основни судови, каде што според покажаните резултати од претходната анкета (септември-октомври 2008 година) беше забележано опаѓање на задоволството на јавноста. Во исто време извршено е и дообучување на тимовите за администрирање на анкетата во сите судови, кои во наредниот период самостојно ќе ја вршат оваа активност.

## КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО

### Судска власт

Во Судската власт на 01.01.2009 година биле вработени вкупно 2.928 вработени од кои: 677 функционери, 1.894 државни службеници, 184 работници, 173 судски полицајци.

На ден 01.01.2010 година во Судската власт биле вработени 2.978 вработени од кои: 663 функционери, 52 државни службеници, 1.915 судски службеници, 168 работници,180 судски полицајци.




***-Графички приказ на процентуалното учество на вработени по судови во однос на вкупниот број на вработени во Судската власт (Прилог 1)***

## <u>Потреба од нови вработувања во судството</u>

Состојбата на недостиг на потебен кадар во судството беше присуте и во текот на 2009 година. Недостигот на кадар се однесува како на

- потребниот судиски кадар,

- потребниот стручен и административно технички кадар кои е директно во функција на судиите и остварувањето на нивната функција (стручни соработници, дактилографи, раководители на оддел, доставувачи, и сл.),

- стручни кадри од областа на односи со јавност, областа на човечките ресурси, јавна внатрешна финасиска контрола, стратешко планирање и сл. Односно се работи за кадри кои не се директно во функција на судиската функција, но кои современите текови на функционирање на институциите го наметнуваат како потреба. Стратешката определба на судската власт за транспарентност во работењето (објава на одлуките на web страните на судовите, објавување на информации кои се од интерес на јавноста и презентирање на работаат на судовите и сл) се реализира со постоечките кадри, кои немаат потребни стручни познавања.

Воведувањето на АКМИС системот за електронска евиденција на судските предмети особено го истакна проблемот со недостиг на информатичарите во судовите бидејќи иако се направија напори за вработување на по еден информатичар во судовите, сепак постои потреба во судовите со поголем број вработени за вработување на дополнителен број на информатичари. Така на пр. Основниот суд Скопје 1 – Скопје Основниот суд Скопје 2 – Скопје (кои бројат по повеќе од 310 вработени) располагаат само со двајца вработени информатичари, иако стандард што треба да се применува е дека на секои 40 компјутери потребно е да има вработен по еден информатичар.

Со примената на Законот за судска служба, Советот за судска служба ги усвои правилниците за систематизација на работните места во сите судови, при што може да се констатира дека со состојба 31.12.2009 година од предвидени 689 судиски места пополнети се 650, односно 93,12 % на пополнетост, а пополнети се предвидените 13 места за членови на Судски совет. Од предвидени 3695 потребни вработувања во судската власт за судска админисртрација и државни службеници, пополнети се 2.315 работни места, односно пополнетоста на систематизацијата изнесува 62,65 %. Исто така може да се утврди дека просечниот број на вработени по судија изнесува 3.49 вработени, односно 2,96 вработени од групата на стручни и административни вработени (оние кои непосредно се во служба на судиите).

Во рамките на реформите на судскиот систем, Судскиот буџетски совет се залага и ги поддржува активностите за надминување на ваквите состојби, особено настојувањето секој судија да има свој стручен соработник, а се со цел за зголемување на ажурноста и ефикасноста на судовите, како и зајакнување на човечките ресурси и правичната застапеност на припадниците на заедниците во институциите. Во смисла на горенаведеното, се јавува потреба од што побрзо спроведување на анализа за утврдување на критериумите за бројот на вработените во судовите согласно со 107 од Законот за судовите.

Проблемот со недостаток на потребен стручен и административен кадар посебно се продлабочи по донесувањето на Одлуката на Владата на Република Македонија за замрзнување на сите вработувања во јавниот сектор во Република Македонија во текот на 2009 година, со исклучок на вработувањата согласно НПАА програмата и Рамковниот договор. По донесувањето на оваа Одлука, во единките корисници на Судска власт не се пополнува ниту трајно испразнетите работни места во 2009 година (по основ на пензија, престанок на работен однос, избор за судија или обвинител и сл.), а меѓу кои и одредени работни места кои се неопходни и многу значајни за работењето на единките корисници (стручни соработници, информатичари итн).

Ваквата горенаведена состојба се ублажи преку реализација на вработувања од страна на единките корисници на Судската власт, а согласно НПАА програмата за 2009 година. Од страна на Владата на Република Македонија во рамките на НПАА програмата за 2009 година, за Судската власт беа одобрени вкупно 115 вработувања на стручни и административни работници и тоа:

-за Академија за обука на судии и јавни обвинители - 5 вработувања;

-за судска администрација - 70 вработувања;

-за администрација на Судскиот совет на Република Македонија - 15 вработувања;

-за администрација на Управен суд - 20 вработувања и

-за администрација на Апелационен суд Гостивар - 5 вработувања.

Со цел да се зајакне стручниот кадар во судовите, одобрените вработувања од НПАА програмата во делот на Судската администрација беа распределени на тој начин да 70% се однесуваат на вработување на стручни судски службеници, а 30% на административни судски службеници. Согласно Критериумите за распределба на вработувањата по НПАА програмата, приоритет беше даден на пополнување на работните места стручен соработник, информатичар, сметководител, референт во писарница и секретар на суд.

Од поднесените 109 барања за обезбедување на финансиски средства за вработување согласно НПАА програмата за 2009 година, од страна на Министерството за финансии се добиени согласности за 99 вработувања, а се уште нема одговор за 10 барани вработувања.

Исто така, проблемот со недоволната екипираност во единките корисници на Судска власт во текот на 2009 година се ублажи со реализација на привремени вработувања во истите. По барање на единките корисници на Судската власт во 2009 година од Министерството за финансии се добиени согласности за обезбедени финансиски средства за реализација на 60 привремени вработувања и тоа:

| Единка корисник | Одобрени привремени вработувања | | Единка корисник | Одобрени привремени вработувања |
|---|---|---|---|---|
| Врховен суд на РМ | 4 | | ОС Струмица | 8 |
| ОС Скопје 1 | 8 | | ОС Битола | 9 |
| ОС Куманово | 2 | | ОС Пхрид | 3 |
| ОС Кратово | 1 | | ОС Струга | 5 |
| ОС Крива Паланка | 1 | | ОС Кичево | 4 |
| ОС Кавадарци | 6 | | Судски совет на РМ | 4 |
| АС Штип | 1 | | Академија за обука на судии и обвинители | 3 |
| ОС Берово | 1 | | **ВКУПНО** | **60** |

***Табела: Одобрени привремени вработувања по добиена согласност од Министерство за финансии***

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ЗА 2009 ГОДИНА

Согласно член 1 од Законот за судски буџет со судскиот буџет се финасира судската власт во Репубилка Македонија. Судскиот буџет е определен како дел од Буџетот на Република Македонија.

Согласно член 2 од Законот за судски буџет Судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и расходите на судската власт, што ги утврдува Собранието на РМ и е наменет за финасирање на судската власт. Судскиот буџет е дел од Буџетот на РМ издвоен како посебен дел означен со Судска власт.

Трошоците на судскиот буџет ги опфаќаат:

***Тековни трошоци:***

- за платите и надоместоците на судиите,
- за платите и надоместоците на судските службеници, државните службеници и другите вработени во судството,
- за стоки и услуги за работа  на судовите,
- за трошоци во постапките,
- плаќањата  за други трошоци од редовната работа на судовите,
- за стручно усовршување на судиите, судските и државните службеници и другите вработени во судовите,
- за платите и надоместоците на вработените во Академијата за обука на судии и јавни обвинители,
- за стоки и услуги за работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители,
- плаќањата за други трошоци од редовната работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители,
- за почетна обука на кандидати за судии и заменици на јавни обвинители и постојано стручно усовршување на судиите, јавните обвинители, нивните заменици, на судските и обвинителските службеници, како и на државните службеници во Министерството за правда кои вршат работа од областа на правосудството.

***Капитални трошоци***

- набавка на капитални средства на судовите,
- инвестиционо одржување на објектите и опремата во судовите ,
- набавка на капитални средства за Академијата за обука на судии и јавни обвинители,
- инвестиционо одржување на објектите и опремата на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Судскиот буџет содржи две програми:

- програма 20-судска администрација и
- програма 30-Академија за обука на судии и јавни обвинители

Програмата 20-Судска администрација ги опфаќа средствата за финасирање на активностите и функциите на Судскиот совет на РМ, Врховниот суд на РМ, Управниот суд, апелационите судови и основните судови со проширена и основна надлежност.

Програмата 30-Академија за обука на судии и јавни обвинители ги опфаќа средствата за финасирање на активностите на Академијата.

Вкупниот буџет на судската власт за 2009 година (Сл. Весник на РМ бр.166 од 31,12,2008 година) изнесуваше 1.840.207.000 денари. Предлог буџетското барање на судската власт за 2009 година изнесуваше 2.203.085.000 денари, што значи, одобрените средства со буџетот за 2009 година не беа доволни за нормално и ефективно работење на единките корисници на судската власт.

| суд | нерешени | новопримени | вкупно во работа | решени | нерешени | не/совладан прилив |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(2+3) | 5 | 6(4-5) | 7(5-3) |
| **Врховен суд на РМ** | **1.340** | **2.610** | 3.950 | **2.827** | 1.123 | 217 |
| **Управен суд** | **9.154** | **9.043** | 18.197 | **7.857** | 10.340 | -1.186 |
| **Вкупно предмети АС** | **6.280** | **40.049** | 46.329 | **37.535** | **8.794** | **-2.514** |
| **Вкупно предмети ОС** | **927.486** | **611.045** | 1.538.531 | **603.575** | **934.956** | **-7.470** |
| **Вкупно предмети во сите судови** | **944.260** | **662.747** | **1.607.007** | **651.794** | **955.213** | **-10.953** |

***Табела: Број на судски предмети во 2009 година според извештај на Врховен суд***

Во текот на годината се извршија две измени и дополнувања на буџетот на РМ (Сл весник на РМ бр.72 од 10.6.2010 и бр. 124 од 09.10.2010 година) со што и буџетот на судската власт претрпе измени во обемот и структурата. Исто така беа извршени и неколку пренамени на ставки со кои се интервенираше во насока на подмирување на обврските на намалување на неизмирените обврски. Со наведените измени се изврши намалување на буџетот на судската власт во вкупен износ од 74,881,000 денари, односно за 4,07 % во однос на основниот буџет. Најмногу се намали категоријата 40-Плати и надоместоци, а се обезбедија дополнителни 10.000.000 денари за ставката 425-Договорни услуги како и се извршија внатрешни прелевања (пренамени по ставки) со цел да се интервенира на ставките каде состојбата со неизмирените обврски беше најалармнатна. (Прилог 2 - *Преглед на пренамени за Судска власт за 2009 година*).

Во 2009 година вкупно одобрениот буџет за судската власт за двете програми изнесуваше 1.840.207.000 денари, а конечно одобрените средства 1.765.326.000 денари. Структурата на средствата по категории е следната:

| Кат | назив | Основен буџет | % | Конечна состојба | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 1.529.005.000 | 83,09 | 1.447.385.000 | 81,99 |
| 42 | Стоки и услуги | 235.202.000 | 12,78 | 254.794.000 | 14,43 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 15.000,000 | 0,82 | 11.000.000 | 0,62 |
| 48 | Капитални расходи | 61.000.000 | 3,31 | 52.147.000 | 2,96 |
| | **ВКУПНО** | **1.840.207.000** | **100,00** | **1.765.326.000** | **100,00** |

***Табела: Структура на буџет судска власт за 2009 година по категории***

Процентуалното учество на пооделните категории покажува релативно високо учество на категоријата 40- Плати и надоместоци од плати, а ниско учество на категоријата 42-Стоки и услуги во рамките на која категорија се обезбедуваат средства за тековно работење на судовите. Оваа категорија во 2009 година бележи значително намалување во однос на 2008 година кога изнесуваше 276.000.000 денари. Таквата состојба имаше негативно влијание врз нормалното функционирање на судовите и редовно надмирување на обврските од работењето. Категоријата 48-капитални инвестиции и покрај првично поголемиот буџет, со измените на буџетот и пренамените бележи значително намалување .

**<u>Категорија 40 – Плати и надоместоци од плати</u>**

Со категоријата 40 – Плати и надоместоци од плати се обезбедија средства за исплата на плати и надоместоци од плати на вработените во судската администрација (тековна состојба), новоизбраните судии и за новите вработени лица согласно НПАА програмата за 2009 година. Со отпочнувањето на примената на Законот за судска служба се изврши покачување на платите на судскат администрација од 5-20% и тоа за административно техничкиот кадар 20 %, за стручниот кадар 10 % и за раководниот кадар 5 %.

За оваа категорија средствата обезбедени со почетниот буџет беа доволни за исплата на плати на тековните вработени и во текот на годината се интервенираше само со внатрешна пренамена меѓу ставките. Платите за вработените во судската власт во текот на годината се одвиваше редовно и навремено, согласно законските прописи.

***Реализација на категорија 40, за програма 20-судска администарција***

| ставка | буџет | план | реализација | % реал / буџет | %реал / план |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 401 | 1.027.240.000 | 1.007.029.412 | 1.002.801.657 | 98,03 | 97,62 |
| 402 | 410.895.000 | 406.657.737 | 406.611.483 | 98,97 | 98,96 |
| 403 | 220.000 | 211.657 | 211.612 | 96,21 | 96,19 |
| вкупно | 1.438.355.000 | 1.413.898.806 | 1.409.624.752 | 98,30 | 98,00 |

***Реализација на категорија 40, за програма 30 Академија за обука на судии и јавни обвинители***

| ставка | буџет | план | реализација | % реал / буџет | %реал / план |
|---|---|---|---|---|---|
| 401 | 6.432.000 | 5.321.657 | 5.318.411 | 82,74 | 82,69 |
| 402 | 2.596.000 | 2.143.208 | 2.143.208 | 82,56 | 82,56 |
| 403 | 2.000 | 1.226 | 1.226 | 61,3 | 61,3 |
| вкупно | 9.030.000 | 7.466.091 | 7.462.845 | 82.68 | 82.65 |

Судскиот буџетски совет ја следеше динамиката на реализација на категорија 40-Плати и надоместоци и до Министерството за финансии достави барање за пренамена на 21.800.000 денари од оваа на категорија 42 за двете програми, но од Министерството не беше добиена согласност.

**Категорија 42 – стоки и услуги**

Категоријата 42-Стоки и услуги е најдинамичната категорија во рамките на судскиот буџети од каде се обезбедуваат средства за тековно работење на судовите. Најголем дел од средствата согласно одлуката на Судски буџетски совет бр. 02-130/7 од 19.02.2010 година беа одобрени како буџети на единките корисници на судската власт и со истите менаџира секој суд самостојно, а дел од средствата беа наменети за централизирани плаќања од судскиот буџет за потребите на единките корисници. Распределбата на буџетот по единки корисници се изврши согласно усвоените Критериуми и методологија за распределба на судскиот буџет, при што особено се водеше сметка за надлежноста на судот, бројот на предмети во работа, бројот на судии, барањата на судовите, неизмирените обврски од претходната година и сл.

Судскиот буџетски совет во текот на годината со одлуки даде генерални насоки за наменско, ефикасно и ефективно користење на средствата, а се спроведоа и централизирани набавки со цел заштеда на средства.

Преку модулите на АБМС системот во текот на годината се следеше реализацијата на буџетот на секоја единка и се утврдуваше потребата од дополнителни измени во одобрените буџети по поодделни единки корисници. Исто така се утврдуваа и

најдобрите практики во трошењето на средства за определена намена и беа споделувани со другите единки корисници на судската власт.

Почетниот буџет за 2009 година за судската власт за оваа ставка, како и претходните години не беше согласно предлог буџетското барање на судската власт и не беше доволен за покривање на основните потреби на судскта власт. ***Практиката со ребаланс значително да се интервенира на зголемување на буџетот на оваа категорија во 2009 година не беше случај, а како последица на ефектот на светска економска криза во домашната економија***. Интервенцијата беше минимална со обезбедување на дополнителни 10.000.000 денари кои не беа доволни на потребите на судовите.

Во текот на годината, беа извршени и неколку пренамени помеѓу ставките во категоријата, а се интервенираше и од категорија 46-Субвенции и трансфери.

***Реализација на категорија 42, за програма 20 судска администрација***

| ставка | назив | буџет | реализација | % реал / буџет |
|---|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 2.513.000 | 1.953.046 | 77,72 |
| 421 | Комунал услуги, греење, комун. и транспорт | 98.718.000 | 97.609.001 | 98,88 |
| 423 | Ситен инвент, алат и др материјали | 24.923.000 | 24.450.135 | 98,10 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 11.607.000 | 10.021.898 | 86,34 |
| 425 | Договорни услуги | 91.448.000 | 84.260.740 | 92,14 |
| 426 | Други тековни расходи | 3.661.000 | 3.124.044 | 85,33 |
| 42 | Вкупно | 232.870.000 | 221.418.864 | 95,08 |

Процентот на вкупната реализација во висина од 95,08 % не е во согласност со приоритетот на Судскиот буџетски совет и судската власт за максимална реализација на судскиот буџет. Но, објективно тоа не се должи на необјективна распределба на средствата од буџетот по намени и единки корисници ниту пак се работи за погрешни проценки на СБС за потебни прнамени на средства о текот на годината. Овој процент на реализација се должи на фактот што заклучно со 31.12.2009 година останаа нереализирани налози за извршување, и покрај тоа што за истите судовите имаа средства во своите буџети. Реализацијата на буџетот на оваа категорија се одвиваше непречено до средината на месец ноември, а потоа иницираните налози за кои имаше обезбедено средства во буџетот не се реализираа согласно бараната динамика. (Прилог 3 - *Преглед на реализација на буџет по квартали – Судска власт 2009 година).*

Значи, ефектот на глобалната економска криза крајно негативно се одрази врз реализацијата на судскиот буџет. Неизмирените обврски за програма 20-Судска

администрација заклучно со 31.12.2009 година за категорија 42 изнесуваат 55.632.469,00 денари и истите ќе значат сериозно оптоварување на буџетот за 2010 година.

Во однос на неизмирените обврски значајно е да се истакне дека:

1. со истиот датум останаа нереализирани средства во рамките на одобрениот буџет на судската власт во вкупен износ од 25.639.291,00 денари за кој износ беа доставени налози за плаќање до трезорските канцеларии,

2. согласно заклучокот на Судскиот буџетски совет, за пренамена на остатокот на средствата во категорија 40-Плати и надоместоци од плати до Министерството за финасии беше доставено барање за пренамена на средства во вкупен износ од 21.800.000 денари, наменети за ставката 42-Стоки и услуги. За пренамената не беше добиена согласност од Министерството за финансии, а доколку се реализираше оваа пренамена и одобрениот буџет, проекцијата на неизмирените обврски за категоријата 42 би била во износ од приближно 22.300.000,00 денари.

Во прилог на овој извештај е даден преглед на реализација на категорија 42 по единки корисници од аспект на конечно одобрен буџет, како и неизмирените обврски заклично со 31.12.2009 година.

***Забелешка:*** Извршените пренамени на буџетските средства во текот на годината, за раздел 29010-судска власт, предизвикуваат измени во одобрените средства кај единките корисници. Конечните одобрени средства, согласно учеството на секој суд во распределбата на средствата на судскиот буџет состојба 31.12.2009 година треба да се сублимира во Измена на годишната распределба на средства за 2009 година за единките корисници на судската власт за буџетските сметки. Советот Измената ја одобрува со Одлука.

### *Ставка 420 - Патни и дневни расходи*

Буџетот на ставката 420 со основниот буџет изнесуваше 3.544.000 денари, но во текот на годината со измените и дополнувањата на буџетот беше намален за 1.031.000 денари, односно изнесуваше 2.513.000 денари. Во однос на намената на средствата, со оглед на недостигот од доволно средества единките корисници реализираат минимум патувања, и тоа само во земјата, а патувања во странство воопшто не се реализираат, иако постои нагласена потреба за истите. Она што теба да се напомене е дека буџетот е несразмерен и потценет од аспект на обезбедување редовни посети на повисоките судови на помалите, а со цел обезбедување координација, контрола во работата како и ефикасност во работењето на судовите.

Во однос на оваа ставка карактеристично за 2009 година беше тоа што со започнување на примената на Законот за судска служба значително се зголеми потребата од патувања на членовите на Советот за судска служба, како и за спроведување на постапките за вработување. И покрај недоволно обезбедените средства, застои во делот на вработувањата предизвикани од оваа причина немаше и активностите се реализраа согласно потребите.

Реализацијата на оваа ставка изнесува 77,72 %.

### *Ставка 421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт*

Буџетот на ставката 421 со основниот буџет изнесуваше 90.141.000 денари, но во текот на годината со измените и дополнувањата на буџетот беше зголемен за 8.577.000 денари, односно изнесуваше 98.718.000 денари. За оваа ставка е карактеристично што и покрај настојувањето да се реализираат заштеди во трошењето, давателите на услугите најчесто се претпријатија со монополски статус, така што речиси и не постојат услови за намалување на обврските. Цената на топлинската енергија во 2009 година во однос на 2008 година се зголеми и тоа предизвика сериозно оптоварување на судскиот буџет.

Судскиот буџетски совет донесе повеќе одлуки во насока на намалување на трошоците на оваа ставка, со цел обезбедување заштеда, и тоа во однос на мобилната телефонија и доставата на судските писмена. Особено се посочи потребата и обврската на судовите за меѓусебно помагање при доставата.

Во текот на 2009 година се спроведе и постапка за централизирана набавка на мобилен оператор со што се добија значителни повластувања за судската власт како во однос на цената така и во однос на услугите во мрежата, а ефектите значеа намалување на трошоците за мобилна телефонија.

Во рамките на оваа ставка во текот на 2009 година беа обезбедени средства за интернет пристап за сите судови со што се обезбедија услови за објава на судските одлуки на web страните на судовите, а со цел транспарентност во работењето.

Сепак, и покрај настојувањата на судовите за максимално економично работење, обврските кои како неизмирени се пренесоа во 2010 година се големи и значително ќе го оптоварат буџетот за 2010 година.

Реализацијата на оваа ставка изнесува 98,88 %.

***Ставка 423-Материјали и ситен инвентар***

Буџетот на ставката 423 со основниот буџет изнесуваше 24.923.000 денари, и во текот на годината не беа извршени дополнителни одобрувања и покрај тоа што судовите имаа реална потреба. Од оваа ставка се обезбедуваат средства за канцелариски материјали како и за АОП опрема. Во најголем дел од судовите воведена е евиденција на набавката и потрошувачката на канцелариски материјали и АОП опрема преку модулот за магацинско работење во АБМС системот. Со евиденцијата максимално се воведе контрола во трошењето на средствата, но сепак, неизмирените обврски покажуваат дека буџетот определен за оваа ставка не ги задоволува потребите на судовите.

Треба да се посочи дека во текот на годината повеќе судови, особено со проширена надлежност реагираа на недоволните средства за оваа ставка и дека се соочуваат со сериозни проблеми во обезбедувањето на потребна хартија и тонери за тековна работа.

Реализацијата на оваа ставка изнесува 98,10 %.

***Ставка 424-поправки и тековно одржување***

Буџетот на ставката 424 со основниот буџет изнесуваше 16.008.000 денари, но во текот на годината со измените и дополнувањата на буџетот беше намален, односно изнесуваше 11.607.000 денари. Намалувањето не значи дека реално се намалени потребите од средства на оваа ставка, туку дека со овие средства се интервенираше на ставки каде беше крајно ургентно и беше доведено во прашање функционирањето на

судовите, имајќи во предвид дека судската власт можеше да обезбеди дополнителни средства само со внатрешни прелевања.

Анализирајќи ги потставките, на одржување и поправки на возилата се одлеани најголем дел од средствата, имајќи го предвид фактот дека возниот парк со кој располагаат судовите е стар и дотраен.

Во 2009 година за прв пат се обезбедија средства за тековно и адаптивно одржување на АБМС системот, а значителен дел од средствата се намени за набавка на софтвер за антивирус заштита на серверите.

Реализацијата на оваа ставка изнесува 86,34 %.

***Ставка 425- Договорни услуги***

Буџетот на ставката 425 со основниот буџет изнесуваше 75.948.000 денари, но во текот на годината со измените и дополнувањата на буџетот беше зголемен, односно изнесуваше 98.718.000 денари.

Средствата од оваа ставка беа наменети за покривање на обврски кои се однесуваат директно на судските процеси и тоа: надоместоци за поротниците, судски вештачења, обезбедување на адвокат по службена должност, болнички услуги, услуги за превод и сл. Обврските кон Институтот за судска медицина во текот на годината предизвикуваа сериозни проблеми на судовите, и ги успоруваа судските процеси. Напорите за заштеди по однос на оваа ставка се ограничени имајќи го предвид споменатото дека се работи за законски права на странките во судскиот процес, како и на обезбедување на експертизи на кои се базира судската пресуда,

Во текот на годината оваа ставка дополнително беше оптеретена со обврски за привремените вработувања, со кои се надминуваше недостигот од потребни вработени лица.

Реализацијата на оваа ставка изнесува 92,14 %.

***Ставка 426- Други тековни расходи***

Буџетот на ставката 426 со основниот буџет изнесуваше 4.306.000 денари, но во текот на годината со измените и дополнувањата на буџетот беше намален за 645.000 денари, односно изнесуваше 3.661.000 денари, Средствата од оваа ставка се наменети за тековни расходи, и се значително ниски во однос на реалните потреби на судовите.

Реализацијата на оваа ставка изнесува 85,33 %.

**Категорија 46 - Субвенции и трансфери**

Буџетот на ставката 464 со основниот буџет изнесуваше 15.000.000 денари, но во текот на годината со измените и дополнувањата на буџетот беше намален за 4.000.000 денари, односно изнесуваше 11.000.000 денари. Вака обезбедените средства беа во доволен обем за покривање на обврските по извршните и правосилните пресуди на товар на судскиот буџет. Во текот на 2009 година согласно член 36 став 6 од Законот за судови се започна со реализација на правосилните пресуди за повреда на правото за судење во разумен рок. И покрај тоа што во буџетот имаше доволно средства, заклучно со

31.12.2009 година, останаа нереализирани обврски во износ од 157.000 денари. Во однос на правосилните и извршните решенија потребно е да се напомне дека во најголем дел се работи за обврски кои произлегуваат од член 93 од Законот за кривична постапка – пречистен текст (Сл. весник на РМ бр.15/05), согласно кој трошоците од ослободителните пресуди паѓаат на товар на судскиот буџет, како и за подмирување на обврските на единките корисници кои не се подмирени во дозволениот рок поради недостиг на средства, а добавувачите по судски пат ги реализираа средствата. Подмирувањето на обврските дополнително го оптоварува буџетот, затоа што основниот долг се зголемува со камата, процесни трошоци и трошоци за извршител.

**Категорија 48 – капитални расходи**

Во буџетот судска власт за 2009 година, на категоријата 48 –капитални расходи, за програма 20 – судска администарција беа одобрени 59.000.000 денари и за програма 30 – Академија за судии и обвинители 2.000.000 денари, односно вкупно за капитални инвестиции беа предвидени 61.000.000 денари. Во текот на годината, со ребаланс на Буџетот, како и поради недоволна реализација на ставка 482 до средината на годината, предвидените средстав за програма 20 –судска администрација беа намалени на 50.147.000 денари.

Годишната програма за инвестирање од буџетот судска власт за 2009 година опфати широк спектар инвестициони активности за подобрување на условите за работа на вработените во судските институции, а во насока на поддршка на реформите на судството во Република Македонија.

***Капитални инвестиции за програма 20 – судска администарција***

Делот на Годишната програма за инвестирање од буџетот судска власт за 2009 година за програма 20 – судска администрација, во текот на годината претрпе повеќе измени, при што проектираниот износ од 59.000.000 денари беше намален за вкупно 15% на 50.147.000 денари. Во однос на Буџетот 2008 година, со кој за оваа намена беа предвидени 60.459.000 денари, ова претставува намалување од 17,01%.

Повеќекратното менување на Годишната програма за инвестирање (ГПИ) во текот на 2009 година беше резултатот на повеќе фактори и тоа:

- потребата од подинамично следење на инвестиционите потреби на единките корисници во функција на интензивирање на динамиката на реализација на на ГПИ, заради што СБС донесе Одлука за овластување на на претседателот на СБС да врши пренамена и прераспределба на средства во рамките на ГПИ во износ до 5.000 евра;

- усогласувањето со Ребалансот на Буџетот од 10.06.2009 година, кога проектираните средства беа намалени од 59.000.000 на 52.000.000 денари односно за 11,86%;

- усогласување со кратење на предвидени буџетски средства од страна на Министерството за финансии согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ. Поради непостигната реализација од минимум 30% до крајот на месец јуни, од ставката 482 беа скратени 1.852.754 денари, со што капиталните инвестиции беа намалени на 50.147.000 денари односно за 15% во однос на првично проектираните 59.000.000 денари.




***График: Процентуално учество на единките крисници во распределба на капитални расходи за програма 20 (Прилог 5)***

Програмата за капитални инвестиции во судовите за 2009 година по повеќето направени измени е со следната распределба на предвидените 50.147.000 денари:

-за ставка 481- градежни објекти е планиран износ од 32.800.000 денари или 95.07% во однос на буџетски одобрените 34.500.000 по вториот ребаланс на Буџетот;

- за ставка 482 – други градежни објекти е планиран износ од 4,224,000 денари или 87,15% од буџетски одобрените 4.847.000 денари по вториот ребаланс на Буџетот;

- за ставка 483 – купување на мебел, опрема, возила и машини е планиран износ од 13.123.000 денари или 121,51% од буџетски одобрените 10.800.000 денари по вториот Ребаланс на Буџетот.

Внатрешните прелевања помеѓу ставките во рамките на категоријата 48 – капитални расходи се спроведуваат со одлука на Судскиот буџетски совет, за што е добиено Одобрение од Министерството за финансии бр. 07-36348/2 од 26.11.2009 година.




***График: Процентуално учество на капитални расходи по ставки во ГПИ – програма 20***

Приоритет во планирањето на капиталните расходи на ставките 481 и 482 во судството во 2009 година имаше подобрувањето на информатичката инфраструктура на судовите, како неопходна претпоставка во рамките на евроинтегративните процеси на Република Македонија и воведувањето на АКМИС програмата. Како подршка на проектот за воведување на интернет во судовите, од судскиот буџет беше инвестирано во воспоставување на надворешна заштита на компјутерските мрежи во судството, за што се вложени 14,6 милиони денари или 29,11% од вкупно предвидените капитални инвестиции за судовите. Во насока на подобрување на информатичката инфраструктура се и активностите за реализацијата на проектот за доградба, поправка и уредување на физичките (LAN) мрежи во судовите, кои започнаа во 2009 година, а треба да завршат во 2010 година. Освен тоа, сите судови и другите единки корисници добија динамички WEB страници заради овозможување на поинтерактивна комуникација и подобрување на услугите.

Од другите инвестициони активности на судовите и другите единки корисници за подобрување на условите за работа во судските згради, меѓу покрупните реализирани во 2009 година е довршувањето на надградбата на судската зграда во Гостивар, како

подршка на активностите за реконструкција на судот со Проектот на Светска банка, реновирани се санитарните јазли, извршена е промена на вратите и поставен е ламинат во канцелариите, во просториите на Судскиот совет на Република Македонија, реновирана е салата за седници, при што е поставен систем за електронско гласање и се создадени услови за отврање на седниците за јавноста.

Во делот на опремувањето на судовите – (ставка 483), во Годишната програма за инвестирање за 2009 година, беа опфатени најприоритетните потреби од опрема, мебел и други основни средства за работа, за што беа предвидени 13,2 милиони денари. Најголем дел од расходите во овој дел беа неменети за информатичка опрема – околу 4 милиони денари, за мебел – 1,2 милиони, за климатизација – околу 1,1 милион и за воведување електронска евиденција на работното време – 0,6 милиони денари, (Прилог 4 – *Реализација на годишна програма за инвестирање од буџетот за Судска власт за 2009 година*).

Преку Проектот за правна и правосудна имплементација и институционална подршка, за кој Република Македонија има земено заем од Светска банка, а кој се спроведува преку Министерство за правда, во 2009 година, завршија активностите за реконструкција и опремување на седум од предвидените 11 основни судови со проширена надлежност и тоа: ОС Велес, ОС Тетово, ОС Охрид, ОС Струга, ОС Штип, ОС Струмица и ОС Прилеп. При тоа комплетно се реновирани и опремени со мебел 45 судници, 150 судиски кабинети и канцеларии, четири претседателски кабинети, три конференциски сали, четири архиви, обновени се фасади на три, заменети прозорци на пет и саниран е покривот на две судски згради. Во судовите во Гостивар и во Кочани се завршени градежните и градежно-занатските работик, додека опремувањето останува за 2010 година. Најголемата активност која е предвидена со овој проект е изградба на нов Кривичен суд во Скопје, за кој во 2009 година е изработена комплетната техничко-инвестициона документација.

Реализацијата на активностите за предвидените капитални инвестиции од Буџетот судска власт до крајот на 2009 година, покажува високо остварување со релативен показател од 95,19%, односно 47.734.096,00 денари. Меѓутоа, изразена според платените обврски за реализираните активности во вкупен износ од 39.437.849 денари, реализацијата е пониска и изнесува 78,64%, односно неизмирените обврски на Буџетот судската власт за 2009 година по основ капитални инвестиции изнесуваат 8.296.247,00 денари.

**ПРОЕКТИРАНИ РАСХОДИ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА КАТЕГОРИЈА 48-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ, ПРОГРАМА 20-СУДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО 2009 ГОДИНА**

| | Буџет | Ребаланс | Ребаланс | Буџет по пренамена | реализација | % реал. | платено | % плат. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **48** | **59.000.000** | **52.000.000** | **50.147.000** | **50.147.000** | **47.734.096** | **95, 19** | **39.437.849** | **78,64** |
| **481** | 38.000.000 | 34.500.000 | 34.500.000 | 32.800.000 | 31.230.249 | 95,21 | 26.712.371 | 81,44 |
| **482** | 6.700.000 | 6.700.000 | 4.847.000 | 4.224.000 | 3.526.464 | 83,49 | 1.748.079 | 41,38 |
| **483** | 14.300.000 | 10.800.000 | 10.800.000 | 13.123.000 | 12.977.383 | 98,89 | 10.977.399 | 83,65 |

***Табела: Проектирани капитални расходи за програма 20 по буџет и остварена реализација***

***Капитални инвестиции за програма 30 – Академија за судии и јавни обвинители***

Годишната програма за инвестирање од буџетот за судска власт за 2009 година - во делот програма 30 – Академија за обука на судии и јавни обвинители предвидуваше инвестиции во износ од 2.000.000 денари и беше со следната распределба:

-за ставка 481- градежни објекти е планиран износ од 500.000 денари (100% од буџетски одобрените 500.000 денари);

- за ставка 483 – купување на мебел, опрема, возила и машини е планиран износ од 1.500.000 денари (100% од буџетски одобрените 1.500.000 денари).

Капиталните расходи по програма 30, според извештајот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители се реализирани во вкупен износ од 1.890.240 денари со релативен показател од 94,51%, но поради тоа што во 2010 година се пренесени обврски во износ од 259.917 денари, конечната реализација до 31.12.2009 година практично е со релативен показател од 81,52%.

***Вкупната реализација на капитални инвестиции*** во рамките на буџетот за судска власт за 2009 година (за програма 20 и програма 30 заедно) предвидени во вкупна вредност од 52.147.000 денари изнесува ***95,16%*** односно ***78,75%*** ако се имаат предвид неплатените обврски за реализираните капитални инвестиции во износ од 8.556.164 денари.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОПСТВЕНИТЕ ПРИХОДИ НА СУДОВИТЕ ЗА 2009 ГОДИНА

Со судскиот буџет определен како дел од Буџетот на Република Македонија, покрај редовното работење на судовите се планира, усвојува и операционализира и буџетот на сопствените приходи на судовите. Тие се однесува на планирање и операционализирање на приходи кои судовите самостојно ги остваруваат, а со кои приходи се потпомага остварувањето на дејноста на судската власт, како дополнителен извор на средства.

При проектирањето на буџетот на сопствените приходи за 2009 година се зедоа во предвид следните основи на приходи:

- приходи остварени од други неданочни приходи;
- приходи од осигурувања на имот.

Буџетот во овој дел се предвиде во износ од 9.611.000 денари, а се распредели по единки корисници согласно Одлуката за распределба бр.02-130/6 од 19.02.2009 година врз основа на барањата на единките. Увидот во прибирањето на средства по овој основ покажа дека единките корисници реализираат многу помал прилив на средства на сопствените сметки и ова негативно се одрази на вкупната состојба во судовите.

Вкупната реализација изнесува 2.261.335 денари, а истите се користат пред се за покривање на тековните расходи на судовите.

| ставка | буџет | план | реализација |
|---|---|---|---|
| 420 | 384.000 | 384.000 | 59.600 |
| 421 | 3.166.000 | 3.166.000 | 238.581 |
| 423 | 1.329.000 | 1.329.000 | 1.165.467 |
| 424 | 881.000 | 881.000 | 88.324 |
| 425 | 3.396.000 | 3.396.000 | 647.283 |
| 426 | 455.000 | 455.000 | 62.080 |
| | | | 2.261.335 |

*Табела: Реализација на сопствени приходи по ставки*

Важно за напомена е следното: неискористените средства на сметките за сопствени приходи односно салдата на овие сметки, со почнувањето на новата буџетска и фискална година се пренесуваат со можност за трошење во 2010 година.

## АКАДЕМИЈА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Академијата за обука на судии и јавни обвинители ја започна 2009 година со одобрен буџет во износ од 33.133.000,00 денари кој е за 1,85% помал во однос на 2008 година.

Во текот на 2009 година, Академијата за обука на судии и јавни обвинители превзема активности за реализирање на планот на почетната обука на кандидатите за судии и јавни обвинители и активности за континуирана обука на судиите и јавните обвинители и другите целни групи.

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2009 година, во Академијата паралелно се реализираше почетна обука за две генерации кандидати за судии и јавни обвинители (втора генерација 2008/2009 и трета генерација 2009/2010).

Во текот на 2009 година, во организација на Академијата или во соработка со други организации, одржани се вкупно 212 семинари со учество на 5768 учесници. Оваа група на учесници ја сочинуваат судии, јавни обвинители, стручни соработници и административни работници во судовите, стручни соработници и административни работници во јавните обвинителства и надворешни учесници.

Едукативниот процес во Академијата непосредно го спроведуваат вкупно 108 едукатори и тоа 58 постојани едукатори и 50 повремени едукатори, кои се избрани од активните судии и јавни обвинители, судии во пензија, универзитетски професори, адвокати и други експерти.

Во рамките на редовното работење во 2009 година реализирани се и повеќе специјализирани програми.

Академијата остварува интензивна меѓународна соработка на билатерален и мултилатерален план преку организирање на студиски посети и размена на судиите , јавните обвинители, органите на Академијата, други правосудни органи, за Судскиот совет на РМ , Врховниот суд и Управниот суд на РМ.

За целосно реализирање на почетната обука и постојаното стручно усовршување кои се предвидени во плановите за работа на Академијата потребни се финансиски средства кои се обезбедуваат од Буџетот на РМ. Согласно предвидените активности за 2009 година одобрените средства од буџетот не беа доволни за реализирање на плановите за работа. Меѓутоа, сепак е постигнат висок степен на реализација на одобрените средства.

Реализирањето на активностите се врши од ставките 420 и 425, Имено од ставката 420 е предвидено да се надоместуваат патните и дневните трошоци на учесниците во постојано стручно усовршување. И покрај високиот степен на реализација во рамките на ставката 420 на крајот на 2009 година останаа неподмирени обврски за патни и дневни трошоци кои обврски се префрлаат во 2010 година со што се дополнително оптоварување на буџетот од 2010 година. Во рамките на ставката 425 е предвидено надоместување на трошоците за кандидатите во почетна обука, едукаторите и менторите кои се вклучени во оваа обука, надоместување на трошоци на едукатори кои се вклучени во постојано стручно усовршување. Имено во рамките на оваа ставка во 2009 година е постигнат висок степен на реализација, но со оглед на големиот обем на активности, година заврши со големи обврски кои не беа реализирани во 2009 година, а кои ќе бидат оптоварување за буџетот од 2010 година. За реализирање на наставата во почетна обука и во постојано стручно усовршување потребно е користење на материјали и други услуги кои што се надоместуваат од ставките 423 и 426.

| ставка | О П И С | Б У Џ Е Т 2009 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет | план | реализација | Буџет - реализација % | План-реализација % |
| **42** | **Стоки и услуги** | **20.332.000.00** | **21.924.000.00** | **18.918.372.00** | | |
| 420 | Патни и дневни | 3.000.000.00 | 3.000.000.00 | 2.749.962.00 | 91,67% | 91,67% |
| 421 | Комунални | 2.347.000.00 | 2.347.000.00 | 2.288.827.00 | 97,52% | 97,52% |
| 423 | Ситен инвентар | 2.000.000.00 | 2.000.000.00 | 1.827.915.00 | 91,40% | 91,40% |
| 424 | Поправки | 415.000.00 | 415.000.00 | 124.012.50 | 29,88% | 29,88% |
| 425 | Договорни | 10.500.000.00 | 12.092.000.00 | 10.586.227.50 | 100,00 | 87,55% |
| 426 | Други тековни | 2.070.000.00 | 2.070.000.00 | 1.341.428.00 | 64,80% | 64,80% |

***Табела: Преглед на Буџетот за 2009 година – Програма 30 и преглед на реализацијата по ставки***

**ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УСПЕШНОСТА ВО ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ЗА 2009 ГОДИНА И НАСОКИ ЗА ПОНАТАМОШНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА СУДСКИОТ БУЏЕТ**

- **почетниот буџет** за судската власт за 2009 година беше **недоволен за остварување на основната функција на судовите;**
- **во текот на годината се презедоа активности** со одлуки на Судскиот буџетски совет заради ублажување на состојбата во тековните расходи на судовите;
- следејќи ја состојбата по единки корисници преку АБМС-от, **извршени се бројни реалоцирања на средства во рамките на категоријата 42-тековни расходи,** со цел рационално искористување на одобрените финансиски средства;
- **со Ребалансот** на Буџетот за 2009 година **минимално се интервенираше за категорија 42-тековни расходи;**
- во 2009 година, вкупно нереализираните обврски во месец јануари изнесуваа 28.613.200 денари. Изразено во апсолутни цифри заклучно со 31.12.2009 година, нереализираните обврски за судоците во РМ изнесуваат **63.079.025** денари.
- Обврските над 60 дена, кои заклучно со 31.12.2009 година, изнесуваат 26.121.995 денари, се со учество од 41,41%;
- **работењето на судовите во 2009 година е со континуирани редовни ревизиски контроли од Внатрешната ревизија во судската власт и Државниот завод за ревизија на Република Македонија.** По извршените контроли и констатираните неправилности во процесот на извршувањето на судскиот буџет во судот, судовите имаат обврска во законски предвидените рокови истите да ги отстранат, за што е потребно да го известат СВС и органите кои спроведуваат контроли;
- **контрола на извршувањето на судскиот буџет** се врши и согласно одредбите од Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и трезорското работење во Република Македонија;
- **се врши имплементација на новите законски решенија и измените и дополнувањата на законите од областа на судството;**
- **преку АБМС системот обезбедено е секојдневно следење на реализација на буџетите на единките корисници** и секојдневното следење на спроведување на активностите;
- остварена е координација на активности со меѓународните донатори USAID и Светска банка;
- остварена е транспарентност во работењето.

- **Во текот на 2009 година состојбата во однос на потребните и обезбедените финансиски средства за судската власт беше крајно неповолна**. Судскиот буџетски совет и менаџментот на судовите перманентно беа насочени кон постигнување на максимум ефекти со

минимум средства, кон утврдување на најдобрите практики на одвивање на постапките и споделување на истите меѓу единките корисници на судската власт. И покрај тоа што менаџментот на судовите, претседателите и судските администратори, крајно сериозно го реализираат делот на обврските во врска со финансирањето на судовите, недостигот на средствата е евидентен и константен. Значи, не се работи за изолирани случаи на судови во кои поради неефикасно работење е забележан недостиг на финансиски средства, туку за хронична појава во сите единки корисници на судската власт. Ваквата состојба има директно влијание врз ефикасноста на судската власт и се рефлектира преку непотребно одолговлекување на судските процеси, за што судската власт трпи критики од домашната и меѓународната јавност.

- **Поаѓајќи од горенаведената состојба, Судскиот буџетски совет смета дека е неопходно и итно потребно да се извршат измени во Законот за судски буџет, со кој управувањето на средствата од Судскиот буџет да биде потполно самостојно од страна на Судскиот буџетски совет, без да се бараат одобренија од Министерството за финансии.**

- Со судскиот буџет за 2010 година **треба да се подржат стратегиските приоритети и цели на судската власт согласно Стратешкиот план на судската власт за периодот 2010-2012 година и Програмата за работа на СБС за 2010 година.**

Сектор за судски буџет